# Оглас за Социјален работник/чка во Советувалиште во Скопје

## 1. Опис на работни задачи

Работни задачи што треба да бидат реализирани од страна на кандидатот/ката се следниве:

- Прием и процена на жени и деца жртви на насилство и семејно насилство:

- процена на социјален ризик, безбедносен ризик, ризик од бездомништво;
- процена индивидуални потреби за психосоцијална, правна и финансиска помош и поддршка.

- Водење на случаите на жртвите на родово базирано и семејно насилство, што вклучува: креирање индивидуален план за работа, креирање и водење досие за секој случај, следење на случајот;
- Советување во насока на остварување на социјални права;
- Да обезбеди услуги за економско јакнење, помош при вработување, развивање на меки вештини. Советување, поддршка и обука при пишување на биографија , писмо за искажување на интерес, насоки за однесување на интервју за работа, насоки за употреба на услугите што ги нуди АВРМ во соработка со извршната канцеларија на НСРР и СОС линијата.
- Да нуди придружба на жртвата до надлежните институции, ГО и др.
- Да биде во постојана комуникација и координација со проектниот тим.

## 2. Квалификации и барања што треба да ги задоволат кандидатите/ките:

Ве охрабруваме да се пријавите доколку имате:

- Универзитетска диплома од областа на социјална работа/ социјална политика
- Постдпломски и докторски студии ќе се сметаат за предност
- Познавање на системот за социјална заштита
- Познавање на системот за превенција и заштита од родово базирано и семејно насилство
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик, албански јазик ќе се смета за предност
- Одлични организациски и комуникациски вештини
- Доверлива личност која ќе ги почитува принципите и правилата на организацијата
- Одлични способности за работа во тим
- Одлично познавање на MS Office програмите

- Најмалку една година искуство во работа со жени жртви на родово базирано и семејно насилство (вклучително и деца) и/или граѓански сектор

**3.Времетраење и период на спроведување на активностите**

Кандидатот/ката ќе биде хонорарно ангажиран/а првично во времетраење од три месеци со можност за продолжување до една година. Работното време е флексибилно и изнесува 20 часа неделно. Месечниот бруто хонорар изнесува 12 000 МКД во кој е вклучен персоналниот данок на доход. Ангажманот започнува од 01.02.2023 година во Скопје

**4. Пријавување и избор**

Заинтересираните кандидатки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Професионално CV;
- Писмо за искажување на интерес на македонски јазик;
- Скенирана диплома за завршено образование;
- Најмалку две препораки од претходни работни места, пракси, волонтирање и др.

Пријавите треба да се доставаат најдоцна до **25.01.2023** на е-пошта: sozm@t.mk , teazografska@gmail.com и stankovikmartina@gmail.com, со предмет: Апликација за **Социјален работник/чка во Советувалиште за жени жртви на родово базирано и семејно насилство.**

Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.